## СТАТИИ – ПРИЛОЗИ

Елеонора ПЕТРОВА

# КЕЛТИТЕ ВО ПРВИОТ МИЛЕНИУМ ПРЕД НАШАТА ЕРА И НИВНИТЕ НАВЛЕГУВАЊА ВО МАКЕДОНИЈА И НА БАЛКАНОТ

## Вовед

Проучувајќи ги палеобалканските популации што го населувале овој простор во текот на праисторијата и антиката, од периодот на хеленизмот се среќаваме со една нова, во културна и етничка смисла, поширока племенска заедница – Келтите, кои стануваат составен дел на балканската етничка карта во наредните векови. Иако на просторот на Македонија тие не се задржале долго и преминале преку неа на својот пат кон исток и југ, голем број археолошки податоци зборуваат за нивното присуство на поширокиот балкански простор. На нивното постоење и широката распространетост на овие простори, укажуваат особено податоците што ги добиваме од историјата, ономастиката и нумизматиката.

Првите извори за Келтите и келтските земји потекнуваат од раните автори од 6-5 век пред н.е. Хекатеј од Милет и Херодот кои нè информираат дека Лигурија се наоѓала до Келтика, односно дека Дунав извирал од земјата на Келтите.[1]

Информации за присуството на Келтите на просторот на југоисточна Европа се среќаваат во делата на историчарите од 3 век пред н.е., Нимфис од Хераклеја и Деметриј од Калатис. Нивните истории не се запазени во целост, туку само во фрагменти кај други антички автори. Најзначајни податоци за Келтите и нивните навлегувања во овој дел на Европа даваат Полибиј, Павсаниј и Тит Ливиј.[2] Информациите од други автори од антиката се помалку веродостојни и се претпоставува дека биле користени од втора или трета рака, а сите се сведувале на фактот дека походите на Келтите на Балканот, односно во Грција, завршиле неуспешно, заради гневот на боговите што тие го свртеле против себе и што довело до митологизација на историјата на келтските походи во овој дел на Европа.[3]

Развитокот на историската наука во текот на 19 век предизвика интерес кај голем број историчари за Келтите, за нивната матична територија и за

[1] Хекатеј од Милет, подоцна цитиран од Стефан Византиски, ја споменува грчката колонија Масилија (Марсеј) во келтските земји. В. Бухвалд, А. Холвег, Речник грчких и латинских писаца антике и средњег века, (Tusculum lexicon), Београд 1984, 480. М. Домарадски, Келтите на Балканския полуостров, София 1984, 11.

[2] Polyb. IV, 45; IV, 46;V, 65;V, 79; PseudoScym. Perieges. 789-797; го цитира Деметриј од Калатис. Liv. XXXVIII, 16; XL, 57; XL, 58; XLV, 30;

[3] Pomp. Trog. XXXII, 3, 6-8.

освојувањата на Балканот. Со зголемениот интерес спрема археологијата, започнало и проучувањето на материјалната култура на Келтите и нејзино поставување во хронолошки рамки. Извршена е основна поделба на железното време во Европа, и тоа на два периода, халштатски и латенски, според имињата на локалитетите Халштат и Ла Тен, каде што биле откриени првите келтски железновременски наоди.[4]

Втората култура од железното време Ла Тен била особено поврзана со Келтите и врз нејзиното ширење од западна и централна Европа кон исток и југ можат да се следат движењата на келтските племиња во текот на втората половина од првиот миленуим пред н.е.

**Келтите во Западна и Централна Европа**

За проучувањета на Келтите најзначајна е хронолошката периодизација на Рајнеке кој латенската култура од 5 до 1 век пред н.е. ја поделил во четири фази. Но бидејќи латенската култура се јавува во два различни европски географски ареала, источен и западен, биле разработени дополнителни периодизации за западниот дел на келтскиот свет или за нивната матична територија од Дешеле и Виолие и на источната сфера на келтските населувања која ја разработиле Питони и Кремер според Рајнекеовата хронологија.[5]

Голем број автори од повеќе научни дисциплини, како на пр. Питиони и Бош Гимпера, работеле на проучувањето на Келтите и нивната култура од нивната прататковина до експанзијата на исток и југ.[6] Посебен акцент секако бил ставен на келтските освојувања на Балканот, кои влегле во проучувањата, пред сè, на истражувачите од југоисточна Европа, но и на голем број други европски истражувачи, како: Кацаров, Папазоглу, Тодоровиќ, Геров, Амандри, Валбанк, Јовановиќ, Домарадски и др.[7]

---

[4] P. Jacobsthal, Early Celtic Art, Oxford, 1944.

[5] P. Reinecke, Zur Kenntnis der La Tene Denkmaler der Zone nordwarts der Alpen. Festschrift zur Feier des funfzigjahrigen Bestehens des Romisch-Germanischen Zentralmuseums in Mainz, Mainz 1902, 53-109; D. Viollier, Une nouvelle subdivision de l, epoque de La Tene, Comptes rendus du Congres de l, Association francaise pour l, avancement des Sciences de Dijon, Dijon 1911, 636-642; J. Dechelette, Manuel d,archeologie prehistorique, celtique et gallo-romaine, T. IV, Second ge du fer ou l,epoque de La Tene, Paris 1914; R. Pittioni, La Tene in Niederosterrisch, Materialen zur Urgeschichte Osterrischs, kh. 4, Wien 1930; W. Kramer, Manching II, Zu den Ausgrabungen in den Jahren 1957 bis 1961, Germania 40, 1962, 293-317.

[6] R. Pittioni, Zur Herkunftsgebiet der Kelten, Osterreichische Akademie d. Wissenschaft, pril.hist. Klasse, Sitzungsberichte, 233/3, Wien, 1959; P. Bosch-Gimpera, Les mouvemensts celtique, Essai de reconstruction, Etudes Celtiques, T. 5, 1950, 352-400; T. 6, 1953-1954, 71-126,328-355; T.7, 1955, 147-177.

[7] Г. Кацаров, Келтите в стара Тракия и Македония, Списание на Блг. акад. на науките (ист. филос.) кн. 10, София, 1919, 41-80; F. Papazoglu, O teritoriji ilirskog plemena Ardieja, Zbornik Filozofskog Fakulteta u Beogradu kn. VII-1, 1963, 71-86; F. Papazoglu, Srednjebalkanska plemena u prerimsko doba, Sarajevo, 1969, Skordisci, 209-298; J. Todorović, Periodizacija predkeltskog latena u Podunavlju, Materijali ADJ, kn. VII, Slavonski Brod 1971, 133-142; B. Gerov, Проучвани/ врху западнотракиските земи през римско време, Годишник на Софиския Университет, т. 61.София, 1967.1-100; P. Amandry, Consecration d`armes Galates a Delphes, Bulletin de corespondance hellenique, T. CII, 1978, 571-586; F.

Но пред да преминеме на Келтите и на нивните освојувања на Балканскиот Полуостров, потребно е да се даде објаснување за различните имиња на Келтите што биле во употреба во антиката. Според првите податоци во античките извори, племињата коишто живееле на север од Алпите биле наречени Келти (Келтои) и под тоа име тие биле познати сè до епохата на хеленизмот. Од тогаш извесни грчки автори започнале да го употребуваат напоредно и името Галати (Галатои). Со ова име во принцип биле нарекувани Источните Келти или Келтите коишто живееле на просторот на Источното Средоземје, Мала Азија, Сирија, Грција, Македонија и Тракија. Кај определени автори овие имиња понекогаш фигурирале и заедно. Слична е состојбата и со името Гали кое, всушност, претставува латинска форма од грчкото име Галати. Името Гали се јавило во 3 век пред н.е. и е поново од името Келти (Келтои). Ова име продолжило да се употребува и подоцна, означувајќи ги главно жителите на предалпска Галија.[8]

За јазикот на Келтите, податоците не се така прецизни. Келтскиот јазик ѝ припаѓал на групата индоевропски јазици и бил близок со италските дијалекти. Од келтскиот јазик сочувани се повеќе зборови, топоними, ороними и лични имиња. Најстарата келтска азбука – огам, била составена од точки и линии и од неа се сочувани цели натписи во Ирска, Велс и на околните помали острови. Меѓутоа, овие натписи потекнуваат од 5-6 век од н.е., што значи дека се многу подоцнежни од периодот што нè интресира и не можат да сведочат за келтската писменост од пораните периоди. За времето од последните векови од првиот милениум пред н.е. имаме сосема малку остатоци од келтската писмена традиција, заради религиозната забрана за предавање на знаењата и обичаите во писмена форма. За тоа не информира Цезар во своите „Галски војни", каде нагласува дека основните знаења во Галија се добивале во школите на друидите, каде што сè се учело напамет, бидејќи запишувањето било забрането. Во сочуваните приватни или јавни обраќања Келтите го употребувале грчкиот или латинскиот јазик. Келтскиот се делел на три основни дијалекти: галски, лепонтски и келто-ибериски. За жал, не може да се провери информацијата на Цезар од претходно цитираното дело, која упатува на фактот дека Белгите зборувале јазик различен од другите Келти.[9]

Најголема општествена единица во келтскиот свет било племето. Кај античките автори, сочувани се имињата на голем број племиња. Во списоците направени во времето по смртта на императорот Август биле изброени 305 келтски племиња. Најпознати од нив биле Волките, составени од Акероми и Тектосаги. Првите живееле мегу реките Рона и Гарона, а вторите во горниот тек на Гарона. Тектосагите подоцна се оние племенски групи што се населиле во Мала Азија. Голема племенска келтска заедница биле и Бои-

W. Walbank, A historical commentary on Polybios, T. I-II, Oxford, 1957; B. Jovanović, Keltska kultura u Jugoslaviji, 805-900, PJZ, V. Sarajevo, 1987, M. Domaradski, 1984.

[8] M. Domaradski, 1984, 16, Philarch. frg, 2; Polyb. IV, 46; Liv. XXXVIII, 16.

[9] Caesar, De bello galico, I, 1; M. Domaradski, 1984, 16-19, H. Lewis, H. Pedersen, A Concise Comparative Celtic Grammar, Gottingen 1961; K. H. Jackson, The Oldest Irish Tradition, A Window to the Iron Age, Cambridge, 1964.

те, кои живееле во централна Галија, но и во Панонија, Чешка, предалпска Галија, Пиринеите и Мала Азија. Значајна популација биле, исто така, и Паризиите, кои живееле по долината на Сена и во Британија и Сеноманите помеѓу Лоара и Рона. Во ова набројување секако треба да се споменат и Хелветите и Аверните и со нив матичната територија на Келтите – Гали се исцрпува.[10]

Почетокот на формирањето на етничките заедници на Келтите треба да се бара уште во текот на бронзеното време, заедно со појавата и со распространувањето на погребувањето под могили. Процесот на формирањето на келтските заедници се извршил на просторот на горното течение на Рајна, од источна Фризија до Чешка, во правец исток-запад, односно од Алпите до северноевропската низија во правец север-југ.[11]

## Келтска експанзија кон исток и југ

Првите бранови на келтската експанзија кон исток и југ се забележуваат уште во 5 век пред н.е., кога со келтски племиња била населена целата територија на Галија и дел од Иберискиот Полуостров. Најголемата келтска експанзија се поставува во почетокот на 4 век пред н.е., поточно во 392 г. на која се однесува податокот за појавата на Келтите на границите со Етрурија. Причините на оваа експанзија не можат со сигурност да се утврдат, меѓутоа најверојатно се сврзани со проблемот на пренаселеност, кој како причина за келтските експанзии се среќава и кај Ливиј. Според податоците кај античките автори, најдобро запознати се освојувањата и движењата на Келтите од матичната територија кон и на Апенинскиот Полуостров, во 385 г. пред н.е. Келтите го опседнувале Рим и од тогаш е позната легендата за гуските во храмот на Јунона, кои ги предупределе бранителите на градот на опасноста од келтските освојувачи. По овој освојувачки бран се појавуваат првите населби по долината на реката По и се поставени основите на предалпска Галија. Во текот на 4 век пред н.е. имало уште два брана келтски освојувања на Апенинскиот Полуостров, во 365-56 г. и 350-349 г.

Освен почетните успеси на Келтите во Италија, во натамошните векови, особено од 3 век пред н.е., Римјаните полека но сигурно ги освојуваат келтските, односно галските земји, а дефинитивно во 51 г. пред н.е. потполно ја потчиниле Галија под своја власт.[12]

## Келтски освојувања на Балканот

Истовремено кога келтските племенски организации тргнале кон југ, имало и бранови на движења на Келтите кон централна Европа, каде што биле заземени земјите до Дунав, Моравија и Трансилванија. Најголемиот бран на келтски движења кон исток започнал некаде околу 360 г. пред н.е.

---

[10] E.T.G. Powel, The Celts, London 1958; V.Kruta, Les Celtes, Paris, 1976.
[11] M. Domaradski, 1984, 11-16.
[12] L`art Celtique en Gaule,1983-1984; (каталог) со хронолошка табела.

Првите келтски походи на Балканскиот Полуостров се евидентирани и во делото на Теопомп, а се однесуваат на нападите на Келтите на илирското племе Ардиеји. Овој настан се случил во 360 или во 359-8 г. пред н.е.[13]

Во ранолатинскиот период, келтските племиња биле населени на територијата на источноалпските земји, вклучувајќи ја и Словенија. Населувањата во Панонија се случиле во подоцнежните децении. Во периодот помеѓу 4 и 1 век пред н.е., на овој потег живееле многу келтски или келтизирани племенски организации, меѓу кои се вклучуваат: Амбисивите, Амбисонтите, Карните, Херкунијатите, Јасите, Нориците, Осеријатите, Скордисците, Серапилите и др. Западната група на Келтите – Таурисци, од кои главно потекнуваат овие племиња помешани со автохтоното населние се населиле на просторот на Словенија и Хрватска до Вараждин, Самобор и Сисак, додека централниот северен дел на Балканот, на просторот на вливот на Сава во Дунав, го населиле Скордисците.[14]

Освен од најбитната келтска компонента, Скордисците биле сочинети, исто така, во голем процент и од староседелското население, коешто во голема мера било келтизирано.

Од 310 година пред н.е. Келтите започнале да навлегуваат на Балканскиот Полуостров. На тоа време се однесува информацијата дека во Илирија биле разбиени Автаријатите, според некои автори, можеби, од Келтите. Во текот на наредните децении, доаѓајќи до Дунав и влегувајќи во медитеранската културна сфера, Келтите воспоставиле релации и со Александар III.[15]

Во 298 г. пред н.е. се поставува келтскиот поход во Тракија, кога македонскиот крал Касандар ги разбил Келтите кај планината Хемус. Во 281 г. пред н.е. се поставува походот на Камбал во западна Тракија, а од 280 до 277 г. пред н.е., хронолошки е сместена т.н. големата Галска односно Келтска наезда на Македонија, Грција и Тракија, за која сме детално информирани од Полибиј, Ливиј и Помпеј Трог. Во текот на овие години, поточно во 278 г. пред н.е., дел од Келтите преминале и во Мала Азија, а племенската организација на Келтите Скордисци се населила дефинитивно на просторот помегу реките Сава и Дунав. Според нашите проучувања, тука завршува првата фаза од келтските населувања на Балканот. Следните податоци коишто се однесуваат на Келтите на овие простори зборуваат, главно, за нивните трајни населувања, за учество во наемничките армии на хеленистичките дијадоси и за навлегувањата на Скордисците во Македонија во текот на 2 век пред н.е. По потполното потчинување на Скордисците од страна на Римјаните во 15 г. пред н.е. исто како и на другите етнички заедници од овој простор во вековите пред тоа, започнува ново време одбележано како римска превласт.[16]

---

[13] F. Papazoglu, 1963, 71-86.

[14] B. Jovanović, Keltska kultura u Jugoslaviji, Istočna grupa, PJZ, V, 815-854; D. Božić, Zapadna grupa, PJZ V, 855-897, Sarajevo 1987.

[15] Arr. I, 4, 6.

[16] Polyb. IV, 46; Liv. XXXVIII, 16; XL, 58; XLV, 30; Pomp.Trog. XXV, 1; XXV, 2; XXXII, 3, 6-8. ;Iust. XXXII, 3, 6; str.VII, 5,6; str. VII, 3,8; Arr. I, 4, 6.

**Келтите во Македонија**

На просторот на Македонија Келтите за прв пат допреле за време на големата Келтска наезда во 280-279 г. пред н.е. Таа била предизвикана од големата концентрација на келтски групи во Панонија. Слушајќи за богатствата на Грција и на грчките светилишта, голема групи Келти од различни келтски племиња тргнале кон југ.

Кај подоцнежните автори коишто пишувале за овие настани, евидентно е прикажувањето на овие келтски навлегувања само како освојувања со намера за грабеж и пљачка. Дека тоа не било нивна единствена цел, туку дека основниот проблем била пренаселеноста на регионот, покажуваат келтските енклави по должината на целиот простор на нивните навлегувања кон југ. Според Помпеј Трог и Павсаниј, во текот на движењето кон јужниот дел на Балканот, на патот кон Грција, Келтите се поделиле во неколку групи. Првата предводена од Болгиј се движела кон Македонија преку Илирија, а втората водена од Брен и Акихориј кон Пајонија, а потоа кон Македонија. На чело на третата група која тргнала против Трибалите бил Керетриј. За судбината на третата група немаме податоци во античките извори. Првата група со која раководел Болгиј навлегла во Македонија, која во тој период била ослабена од внатрешните борби. Насетувајќи ја опасноста од Келтите, Дарданците испратиле емисари во Македонија за да му понудат помош на тогашниот македонски крал Птолемеј Кераун против заедничкиот непријател. Птолемеј со презир ги одбил дарданските пратеници кои му понудиле помош од дваесет илјади војници. Тој сметал дека Македонија која го покорила целиот исток не мора да се потпира на Дарданците во борбата со Келтите, бидејќи неговите војници биле потомци на Александровите воини коишто однесувале победи низ целиот свет. Откако се вратиле во своите домови, Дарданците му ја пренеле пораката на својот крал кој прорекол дека славното македонско кралство ќе пропадне заради непромисленоста на едно незрело момче. И навистина Болгиј влегол во конфликт со Птолемеј Кераун и во таа битка Кераун загинал на бојното поле. По таа победа Келтите ја прегазиле, опљачкале и уништиле цела Македонија. Со доаѓањето на зимата тие се повлекле во областите од каде што дошле. Но успехот на кампањата од 280-279 г. пред н.е. ги навел Келтите кои, под водство на Брен ја опустошиле Пајонија, да преземат поход и кон Грција, овој пат со намера за освојување на што побогат плен од грчките светилишта.[17]

Според податоците кај Павсаниј, војската што тргнала кон југ броела 150 000 пешадиски војници и 24 000 активни коњаници, чиј број заедно со придружбата изнесувал 61 000. Од таа многубројна армија која се спуштала по долините на Морава и Вардар, според Ливиј, се одделиле околу 20 000 Келти во Дарданија, кои преку Пајонија и Тракија тргнале кон Византион. Оваа војска, под водство на Лонориј и Лотариј, подоцна преминала во Мала Азија каде што се населила.

Во овој период не може да се зборува за постоење на државна организација кај Пајонците, бидејќи Пајонија во 279 г. пред н.е. била потполно униш-

[17] Iust. XXIV, 4; Paus. X, 19.Diod. V, 49; Liv. XXXVIII, 16; Pomp. Trog. XXV, 2.

тена од келтските освојувања. Без надеж за средување на приликите во матичната земја, голем број на Агријани и Пајонци, заедно со големите групи Келти, се упатиле во освојувачки походи кон Мала Азија.[18]

Главнината на Келтите на чело со Брен продолжила кон Грција. По поразот на Македонците, тие стигнале до Термопилите каде што ги чекала атинската војска. Победувајќи ги и нив, патот кон Грција и Делфи им бил отворен. Според податоците изнесени од античките автори, кај многу генерации Келти биле присутни приказните за богатствата во Делфи. Освојувајќи ги териториите на Балканот, тие наближиле до својата цел и имале намера да ја освојат. Нивната крајна цел била Аполоновото светилиште. Но кај Делфи Келтите биле победени од војската на Етолскиот сојуз, а според субјективните антички автори, тоа било затоа што против нив се свртеле боговите од хеленскиот Пантеон. Поразените Келти се обиделе да се вратат на појдовната точка некаде на Дунав, но притоа биле соочени со многу тешкотии. По неуспехот на освојувањето на Делфи, Брен се самоубил, а негов наследник станал Акихориј. Војската се повлекла губејќи околу 20 000 војници во Термопилите. Еден дел од Келтите останал во Грција, Македонија и Тракија, бидејќи во периодот на 2 век пред н.е. ги среќаваме како наемници во армиите на македонските кралеви. Друг дел се населил во енклави околу Едеса, Пела и Бероја (Верија) во Долна Македонија. Некаде на патот назад, најверојатно во Македонија, Келтите за водач го избрале Батанот, кој ги довел до посакуваната цел. Најголемиот дел од преостанатите Келти се населиле на просторот помеѓу Сава и Дунав, а мал број се вратил дури во своите матични територии во централна и западна Европа. Овој податок ни го овозможи Јустин кој пишува за Тектосагите од околината на Тулуз, кои учествувале во походите на исток.[19]

Една група од поразените Келти кај Делфи тргнала кон Мала Азија. На својот пат во Тракија, тие основале трајни живеалишта, формирајќи го првото свое кралство на Балканот со седиште во Тилис. Според античките извори, овој центар бил некаде во пошироката околина на планината Хемус. За правците на движење на Келтите низ Тракија постојат повеќе различни мислења. Најверојатно, врз основа на податоците од Полибиј, но и на Стефан Византиски и Прокопиј кошто се јавуваат подоцна од него, се знае за населувањето на одредена група Келти во близината на Византион каде што, можеби, треба да се бара и нивниот центар Тилис.

Келтите што тргнале кон Мала Азија, веќе именувани како Галати, се населиле во централна Анадолија, во логори со полувоен или воен карактер. На овој простор, главно, се населиле Тектосагите. Во подоцнежните периоди на нивното живеење во Мала Азија и на Балканот ги среќаваме, исто така, масовно воено ориентирани, како наемници во војските на Птолемеј II Филаделф и Антигон Гонат.[20]

---

[18] Liv. XXXVIII, 16, E. Petrova, Pajonija vo II i I milenium pred n.e., Skopje, 1999, 20-21.

[19] Liv. XXXVIII, 16; XLV, 30; Iust. XXV, 1, 2; XXV, 2, 8; XXXII, 3, 6-8.; XXXII, 3, 12-15; str. IV, 1, 3.

[20] Polien. IV, 6,17; App. Syr. 6, 22; Paus. X,19; str. VII, 3,11; VII, 5,12; Polyb. IV, 52; Liv. XL. 58.

За жал, на територијата на Република Македонија имаме малку археолошки остатоци кои можат да се поврзант со движењата и населувањата на Келтите на овој простор. Засега постојат податоци за неколку гробови што во себе содржеле типична латенска керамика, откриени во с. Нерези, Скопско. На просторот на Република Македонија немало големи трајни населувања како во областите на север и североистик од Македонија, каде што се населиле Скордисците и Бастраните или пак Галатите во Мала Азија. Впрочем, тоа го потврдува недостигот од наоди од материјалната култура или од податоци во историските извори.[21]

Сепак, податоците во историските извори говорат за контакти на Келтите со Македонија и македонските кралеви уште во периодот на 4 век пред н.е. Првиот контакт е направен за времевладеењето на Александар III Велики и неговата експедиција на Дунав во 335 г. пред н.е.[22] Подоцна Келтите, сметајќи го Александар за најмоќен владетел во тогашниот свет, испратиле свои емисари во Вавилон во 324 г. пред н.е., нешто пред неговата смрт. Во стручната литература во Македонија можеби е најмногу пишувано за навлегувањата на Келтите преку територијата на Пајонија и Македонија во времето на голема Келтска наезда во 280-279 пред н.е. Тогаш Келтите ја прегазиле Пајонија, која речиси го изгубила својот владетел Авдолеон и ова кралство никогаш повеќе не ги повратило поранешната моќ и својата слава.

Според Ливиј, имало неколку келтски енклави на просторот на Долна Македонија, формирани од Келтите на враќање од походите во Грција. Судејќи според фактот дека во овој регион нема келтски топоними, можеме да претпоставиме дека тие не се задржале долго во овие области. Сепак, проучувајќи ја антропонимијата во римско време на територијата на Македонија, можат да се констатираат извесен број келтски имиња, што упатува на фактот на келтско население задржано на овие простори од времето на големата келтска наезда.[23]

## Скордисци и Бастарни

Најзначајни келтска групациии на Балканот секако биле Скордисците и Бастарните, кои на овој простор се спомenуваат во изворите сè до потпаѓањето на овие региони под римска власт.

Скордисците биле племе што живеело во меѓуречјето помеѓу Сава и Дунав, до Ѓердапската Клисура. Во историската литература тие се забележани во текот на 2 век пред н.е. Нивната материјална култура, мегутоа, може да се следи уште од 3 век пред н.е. Со Скордисците, особено со археолошките наоди коишто можат да се поврзат со нив, се занимавале поголем број автори, особено Ј. Тодоровиќ и Б. Јовановиќ, а со историските подато-

[21] Liv. XLV,30.

[22] Arr. I, 4, 6.

[23] Liv. XLV, 30; Е. Петрова, Епихорски имиња на натписите од Скупи, Maced. Acta Archaeol., 9, 1988, 127-131; A. Moscy, Vorarbeiten zu einem onomasticon von Moesia Superior, CBI, VIII, Sarajevo, 1971, 139-180; A. Holder, Altceltischer Sprachschatz I, Leipzig, 1896, 1282.

ци за нив, за нивната етничката припадност и географското разместување пишувала Ф. Папазоглу. Другите Келти, освен Бастарните, биле помали групи што тешко би можеле да го носат името келтска племенска организација на овие простори. Главнината на скордиското населување била извршена по келтскиот пораз во Грција и нивното враќање кон север. Во текот на 3 век тие успеале да се консолидираат и во подоцнежните векови да доживеат висок културен и економски развиток.[24]

Во историските извори, Скордисците се јавуваат во 179 г. пред н.е. за време на македонско-римските војни како сојузници на Филип V, кога тој сакал да ги префрли воените дејствија од македонската територија на север. По претворањето на Македонија во римска провинција, интересот на Скордисците се свртел кон овој простор. Се претпоставува дека тие го напаѓале просторот на југ во 141 и 135 година пред н.е., а постојат податоци и за походи на Македонија во 109 и 108 година пред н.е. Во 84 г. пред н.е. Скордисците организирале големи контингенти на воена сила за освојувања во Македонија. Во тие навлегувања тие повторно стасале до Грција и опљачкале повеќе светилишта, меѓу кои и делфиското. Со тоа сметале дека ги оствариле заветот и сонот на нивните предедовци. По оваа случка, Скордисците и нивните сојузници биле поразени од Римјаните и на нивната матична територија и според Страбон, остатоците од нив се населиле на Истрос и на островите во него.[25] Со оваа римска акција е прекината воената моќ на Скордисците во регионот и подоцните податоци за нив во историските извори се многу оскудни.

Особено значајно за нивното севкупно живеење е ковањето пари и обидите за воведување во оптек на парите како платежно средство. Оваа карактеристика не е значајна само за Скордисците, туку и за повеќето други келтски племенски организации. Почетоците и обидите за ковање пари кај келтските заедници треба да се сфатат како желба истите да влезат во кругот на цивилизираните општества со развиена парична, а не само со стокова размена. Оваа намера дел од Келтите успеале да ја реализираат во перидот помеѓу 3 и 1 век пред н.е. Меѓутоа, ковањето на пари кај Келтите не било со економски карактер, туку повеќе статусно и во посед на вискоите слоеви на аристократијата. За тоа говори нивната паричната продукција, која немала елементи на латенската култура, митологија и религија во претставите на парите, туку ги имитирала парите од медитеранската културна сфера, особено парите на македонскиот владетел Филип II, кои станале нивен основен тип. Раното совладување на технологијата за производство на металите им овозможило брзо прифаќање на ковањето пари како еден елемент во обработката на металите, но недостигот на внесување оригинални келтски претстави на аверсите и реверсите на парите оневозможило оваа парична продукција да биде вброена во редот на етаблираните парични продукции на медитеранските градови, држави и племенски организации. Употребувајќи го основниот тип пари на Филип II од неговите сребрени тетрадрахми со глава на Зевс на аверсот и со коњаник во ѐд на реверсот, по неколку вековна

---

[24] Vidi, napomena 7.

[25] Стр. VII, 5,12. Iust. XXV, 1,2; App. Ill., 2; Ф. Папазоглу, 1969, 209-298.

експлоатација тие, во локалната изработка, станале речиси непрепознатливи во однос на оригиналот.[26]

Покрај парите на Филип II коишто се широко застапени на просторот на средниот и долниот тек на Дунав кај Скордисците, Бастраните и на територијата на Гетите, парите на овој македонски владетел се имитирани и од Келтите кои биле населени во матичната територија во западна и централна Европа, што се далеку од Македонија. Освен парите на Филип II, кај келтските племенски организации на север биле во употреба и пајонските пари, особено оние на пајонскиот крал Авдолеон, кој владеел кон крајот на 4 и почетокот на 3 век пред н.е. На некои имитации на тетрадрахмите на Филип II постои дури и монограм AY карактеристичен за ковањето на Авдолеон, а во еден килер во Швајцарија биле пронајдени 26 примероци на имитации на парите на Авдолеон.[27]

Другата групација од келтско потекло, Бастарните, ја населувале територијата на северна Тракија, југоисточно од Скордисците. Тие имале свои населби по должината на реката Дунав и на гетска територија и често биле сојузници на Скордисците во нивните походи кон југ. Тие на овој простор останале и по големите движења на Келтите кон југ, до Грција и Мала Азија.[28]

**Заклучок**

Келтите играле значајна улога во племенската и етничка структура на Европа. Тие влегле во етногенезата на многу подоцнежни народи во еден голем географски ареал. Карактеристиките на нивната латенска материјална култура станале составен дел на материјалната култура на популациите во сите региони на Европа каде што Келтите се населиле.

Кланот и племето биле базичните делови на структурата на келтското општество. Тие никогаш не успеале да го надминат племенското уредување и да организираат држава во некој дел на европскиот континент, освен одредени форми на парадржавни структури како кај Галатите во Мала Азија. Обиколени со високоцивилизирани долговековни кралства, тие таму ги направиле првите чекори во државното уредување кај Келтите.

Келтските племиња биле организирани на принцип на роднинска поврзаност по таткова страна. Во текот на латенскиот период оваа клановска структура започнала да се преобразува, така што во наредните векови на нивното егзистирање преовладал географскиот принцип над роднинискиот.

Структурата на келтското општество се променила особено од времето на нивните освојувања кон исток и југ. На просторите што ги населувале, тие се мешале со автохтоното население, создавајќи етнички групи со предоминантна келтска припадност и со локални особености.

---

[26] K. Pink, Die Munzpragung der Ostkelten und ihrer Nachbarn, Budapest, 1939, П. Поповић, Новац Скордиска, 1987, Београд, Нови Сад.

[27] Е. Петрова, 1999, 121; C. Preda, Monedele Geto-Dacilor, Bucaresti 1973.

[28] Paus. X,19; Polien. IV, 6,17; Dion. Cas. LI, 23, 2-27, 2.

Во првата половина на првиот милениум пред н.е. на чело на секоја племенска организација стоел крал. Во латенскииот период, наместо крал имало племенски водач, избиран секоја година. Со јакнењето на моќта на племенската аристократија, за време на војните Келтите започнале да избираат и воени водачи кои правеле обиди власта да ја задржат и во мир и да им ја наметнат на повеќе племенски организации. Таквите обиди во правец на создавање келтска држава немале успех, па вклучувајќи го тука и статусното ковање монети, својствено за племенското уредување, можеме да констатираме дека големата заедница на келтските племенски организации, која живеела на работ на медитеранскиот свет во текот на првиот милениум, тешко можела да стане дел од етаблираните цивилизации.[29]

Меѓутоа, распространети во широк географски ареал, на голем дел од Европа, Келтите успеале латенската материјална култура да ја прошират до границите на хеленската цивилизација.

Келтите претставуваат значајна етничка структура во културите на Европа во првиот миленуим пред н.е. Со натамошните проучувања на нивните движења и на материјалните остатоци во Македонија и на Балканот, најверојатно ќе се дознае повеќе за оваа популација и на овие простори.

Eleonora PETROVA

## THE CELTS IN THE I MILENNIUM BC AND THEIR PENETRATION IN MACEDONIA AND BALKANS

(S u m m a r y)

In the study of the paleo-Balkan populations inhabiting the Balkans in prehistoric and Classical times, we come across a culturally and ethnically broad tribal community which became an integral part of the Balkan ethnic map in the centuries following the Hellenistic Period.

The oldest information about Celts are in the books of the classical writers Hecateus of Miletus and Herodotus, but the most important data of Celts originated form the archaeological researches.

We have information about Celtic religion and cults, culture, language and tribal organization, especially from the Roman times. After the death of the Emperor Augustus, a list was made of the names of 305 tribes.

The initial stage of the tribal community of the Celts occurred some time during the Bronze Age, at the time when tumulus burials were very common. The process of the establishment of the Celts as an ethnic community occurred in the upper section of Rhine, from Eastern France and Bohemia in southward direction and from Alps and the North European lowlands in a southward direction.

---

[29] E.G.T. Powell, 1958; V. Kruta, 1976; A. Domaradski, 1984.

The first waves of Celtic expansion are believed to date from the 5th century. In the 4th century there were three waves of Celtic invasion of the Italian Peninsula.

The first conquest of the Balkan Peninsula mentioned in a book of Theopompus, refers to the Celtic attacks against the Illyrian tribe of Ardiaei, that happened in 359-358 BC.

The celts reached the territory of Macedonia for the first time during their major campaign in 280-279 BC which followed after the large concentration of Celtic tribes in Pannonia.

According to Pompeius Trogus and Pausanias the Celts divided into several groups on their way to the Balkan Peninsula. The first tribal group, led by Bolgius, headed for Macedonia via Illyria. The second led by Brennus and Acichorius went to Paeonia and then to Macedonia. The leader of the third group that set out against the Triballi was Cerethrius.

The first group reached Macedonia at a time when it was weakened by internal conflicts. Bolgius fought a battle against the Macedonians in which the Macedonian king Ptolemy Ceraunus was killed. The victorious Celts conquered and plundered the whole Macedonia. The successful campaign encouraged Brennus, the Celtic leader in Paeonia to plan a conquest of Greece, all for purpose of looting the rich hellenic temples.

According to Pausanias the Celts mustered an army of 150 000 infantry and 61 000 calvary, 24 000 of whom were active horseman. Livy states that this large army started down the rivers Morava and Vardar, about 20 000 men turned off for Dardania and made their way to Byzantium through Paeonia and Thrace. this group led by Leonnorius and Lutarius later crossed to Asia Minor and settled there. The bulk of the army under Brennus continued for Greece. On their way, they defeated the Macedonian army and met with the legions of Athens at Thermopylae. The Celts won this battle, as well. Now there were no more obstacles on the road to Apollo's oracle in Delphi, their final destination. However, at Delphi the army of Aetolian league defeated them.

After the defeat at Delphi, a small group of Gauls reached Asia Minor, and on their way established their own kingdom in Thrace. After arriving in Asia Minor, the Celts, here renamed as the Galatians, established semi-military or military camps in Central Anatolia.

Another large Celtic tribal community was that of the Scordiscai. They lived in the land lying between the Sava and the Danube river, as far as the gorge of Gjerdap. The first information on them dates from the 2nd century BC, however their material culture can be traced back to the 3rd century BC. The Scordiscai and the Bastarnae seem to have been largest Celtic communities that settled permanently in the Balkans. Most of the Scordiscai Celts remained here on returning from Greece after their defeat at Delphi. The name of the Scordiscai appears for the first time in the history of 179 BC, referring to the wars between Macedonia and the Romans.